Влада на Република Северна Македонија

- КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ БЕЗ РЕСОР, ЗАДОЛЖЕН ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И КОМУНИКАЦИИ-

19 февруари, 2019

# Правилник за организација на јавна консултација при започнување на легислативен процес

Во согласност со определбата на Владата на Република Северна Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување на политики, Владата воведе серија мерки и политики за зголемување и унапредување на соработката меѓу Владата и организациите, односно, овозможување директно учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики за обезбедување демократски и економски просперитет на Република Северна Македонија. Широката инклузивност при креирањето на политките овозможува квалитетни процеси и политики кои гарантираат долгорочни придобивки за граѓаните. Широката инклузивност подразбира вклучување на засегнатите страни уште пред да започне легислативниот процес, со што се овозможува сеопфатен пристап во отпочнување, но и услови за следење и евалуација на крерирањето на политиката, како и нејзина полесна имплементација.

## 1. Што е јавна консултација?

- Јавна консултација е регулативен процес кој има за цел да ја подобри ефикасноста, транспарентноста на креирањето на политиките, преку вклучување .

**2. Форма на јавна консултација**. Јавната консултација треба да ги има следните елементи:

- да е организирана од страна на ресорната институција/носач на политиката или релевантно тело во областа на политиката;
- да се организира од страна на ресорната институција/носач на политика пред да започне процесот на креирање на политиката/стратешкиот документ;
- да ги вклучува сите засегнати страни кои се релевантни за политката/легислативата (граѓански органзиации, експерти кои се бават со проблематиката, академска заедница, практичари, крајни корисници, медиуми)
- за јавната консултација да постои писмен запис и фотографија, објавен и достапен на јавна (веб) платформа.
- за јавната консултавија да постои листа на своерачно потпишани присутни и интерен транскрипт од настанот, кои имаат датум, локација, тема и име на организатор.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**3. Содржина на јавна консултација**

- за јавната консултација, ресорната институција домаќин, треба да има предходно подготвени работни материјали за легислативата/политката (истражувања, актуелни документи, компаративни анализи, нацрт-легислатива/политика);
- јавната консултација мора да обезбеди соодветен простор за претставување на придонесот/предлогот на засегнатите страни. Придонесот може да биде во усна или писмена форма;
- ресорната институција домаќин, мора да даде одговор за прифаќање/неприфаќање на изнесените придонеси/предлози, со задолжително образложение за одлуката.

**4. Механизам на јавната консултација**

- Ресорната институција праќа повик/покана до засегантите страни за одржување на јавната консултација. Во повикот се бара потврда за присуство и известување за придонес кон легислативата/политката. Ресорната институција може да ги обезбеди и достави работните материјали однапред, за да обезбеди поквалитетна дискусија;
- засегантата страна одговара на повикот преку потврда на присуство и потенцијално испраќање на предлог/придонес;
- на јавната консултација, ресорната институција води сметка за прибирање на усните и писмените предлози/придонеси од засегнатите страни; Истите ги внесува во соодветен записник или пропишана интерна форма на институцијата;
- по завршувањето на јавната консултација, сите прибрани придонеси/предлози ресорната институција ги праќа до присутните засеганти страни заедно со записникот и јавната објава од консултативната средба; Ресорната институција ги испраќа материјалите во рок од 7 работни дена од одржаната средба;
- во рок од 10 дена после одржувањето на јавната консултација, ресорната институција дава одговор околу прифаќањето/неприфаќањето на предлозите/придонесите од страна на засегнатите страни, со задолжително образложение за одговорот и насока за понатомошните чекори.